20252605025

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 2 став (3) од Законот за издавање на обврзници на Република Северна Македонија за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/02, 89/08, 161/09, 6/12, 104/13, 33/15 и 161/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.311/20, 39/22 и 74/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 декември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА НА ОБВРЗНИЦИ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

1. Република Северна Македонија врши Дваесет и четврта емисија на обврзници за денационализација.
2. Емисијата на обврзниците се врши во износ од 1.500.000 евра.
3. Со емисијата на обврзниците од точка 2 на оваа одлука се опфатени сите правосилни решенија за денационализација од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, со кои како надомест се дадени обврзници.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-10358/5
23 декември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.